Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 0101 - 1812
11-04- 2022 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр. 08 –177/2
31.03.2022год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 55, а во согласност со член 60 од Колективниот договор на вработените на Општина Велес бр. 08-177/1 од 12.01.2022 година, потписниците на договорот, се согласни да пристапат кон Измени на истиот

**ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**(бр. 08-177/1 ОД 12.01.2022 година)**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.Општина Велес, застапувана од Градоначалникот Марко Колев од една страна и

2.Синдикатот на вработените од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Р. Македонија (претставуван од претседателот на Синдикатот **Трпе Деаноски** и претседателот на Синдикалната организација при Општина Велес **Магдалена Спасева**) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Во Колективниот договор на вработените во Општина Велес бр. 08-177/1 од 12.01.2022 година, текстот во членот 8 се брише и се заменува со следниот:

„Вработениот кои врши работи кои не се предвидени во описот на неговото работно место согласно систематизацијата на работните места во општинската администрација може да стекне право на додаток на плата по основ на дополнителен придонес во извршувањето на специфичните работи и работни задачи, зголемен обем и сложеност при нивното извршување “.

### Член 2

Понатаму, текстот во член 9 се брише и заменува со следниот:

„Додаток на плата во зависност од условите: специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа на вработените изнесува:

-за специфичност на работите и работните задачи-10%

-за зголемен обем на работа-10%

Висината на додатокот на плата може да се утврдува и кумулативно, при што вкупниот додаток на плата може да изнесува до 20% од износот од основната плата ".

Критериумите врз основа на кои ќе се остварува ова право ќе бидат утврдени во посебен акт донесен од страна на работодавецот.

**Член 3**

Во членот 13, текстот во алинеа 2 и точките 1,2, и 3 се бришат и се заменуваат со следниот текст:

„На вработените по основ на степен на образование им се определува годишен одмор за:

- Образование од I-III степен сложеност -1 работен ден
- Образование од IV-V степен сложеност -2 работни дена и
- Образование од VI-VIII степен на сложеност-3 работни дена

**III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 4**

Важноста на Договорот за Измени на основиот договор е од денот на потпишувањето на договорните страни.

Договорните страни се согласни со одредбите на Договорот за Измени.

Останатите одредби од основниот Договор, останува непроменети.

Договорот за Измени на основниот договор ќе се објават јавно на огласна табла на работодавецот и во гласилата на страните потписници.

**Член 5**

Овој Договор за Измена е составен во 3 (три) истоветни примероци од кои по 1(еден) за секоја договорна страна.

| Синдикална организација при Општина Велес | Синдикат на УПОЗ | Општина Велес |
|---|---|---|
| Претседател | Претседател | Градоначалник |
| Магдалена Спасева | Трпе Деаноски | Марко Колев |